*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05-3797/1*
*03. 10. 2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

**О Д Л У К А**
**за јавна набавка**

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка –постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа: Набавка – изработка на веб базирано решение за водење и евиденција на предметите за бесплатна правна помош за потребите на Министерство за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка – изработка на веб базирано решение за водење и евиденција на предметите за бесплатна правна помош за потребите на Министерство за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е неделив.*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 600.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 108.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 708.000,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 485, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.*

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на <u>најниска цена</u> понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во законски утврдениот рок од доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Ацо Живковски - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Весна Цекова –**член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Катерина Паневска – **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Петар Мирковиќ - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Даниела Трпева – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Михајло Војтикив – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*

9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е Набавка – изработка на веб базирано решение за водење и евиденција на предметите за бесплатна правна помош за потребите на Министерство за правда, кој предмет на набавка не е делив. Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор. За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во **вкупен износ од 600.000,00 ден** без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 108.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 708.000,00 денари.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник